# З А П И С Н И К

**од 37 мата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на ден 27.09.2024 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 10.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницатана почетокот беа присутни беа сите 15 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 37 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 14 точки, но од страна на Претседателот на Советот беше предложено дополнување на уште една точка и истото деополнување на 15 – та точка беше ставено на гласање и изгласано со 15 гласа ЗА.

За работа на седницата беше предложен следниот:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Годишен извештај за работата на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2023/2024 година;
2. Годишна програма за работа на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2024/2025 година;
3. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2023/2024 година;
4. Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2024/2025 година;
5. Предлог - Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2024/2025 година;
6. Предлог – Одлука за времен престанок со работа на ПУ„Јане Сандански" во село Грчиште при ООУ „Страшо Пинцур" с.Јосифово, Валандово;
7. Предлог- Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветар која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година;
8. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година;
9. Предлог - Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2024/2025 година;
10. Мислење за барањето на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани" во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија;
11. Предлог - Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број;
12. Предлог - Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право;

13. Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Драгана Рајкова од Валандово за превод, печатење и промоција на детска книга;

14. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален сервис" Валандово;

15. Предлог – Одлука за донесување на Предлог Детален Урбанистички план за урбан блок 1.4, УЕ 1 во Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 36 рата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Годишниот извештај за работата на СОУ „Гоце Делчев " Валандово за учебната 2023/2024 година образложение имаше директорката на училиштето Ташка Гетова.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА.Еден советник како вработен во училиштето беше изземен од гласање.

ТОЧКА 2

По Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2024/2025 година, повторно образложение имаше директорката на училиштето.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА. Еден советник беше изземен од гласање.

ТОЧКА 3

По Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2023/2024 година образложение имаше директорката на градинката Марија Тодорова Занова. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Годишната Програма за работа на на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2024/2025 година, беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

Предлог - Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2024/2025 година беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Предлог – Одлука за времен престанок со работа на ПУ„Јане Сандански" во село Грчиште при ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово образложение имаше директорот на училиштето Антонио Дилберов .

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров.Рече дека не може да се остане нем кога се случува вакво нешто болно посебно за граѓаните од с. Грчиште, бидејќи ако еднаш се престане со работа, тешко е повторно да се консолидира училиштето. Со оглед на тоа што Општина Валандово е една од 10-те општини опфатени со оптимизацијата на училишната мрежа, може да се навратиме на времето кога во Општината опстоеше само едно основно училиште, немаше осмолетка во Чалакли и Пирава и ако сега се направи така, би се зголемила функционалноста и би се намалиле трошоците за одржување на објектите.Тој го праша градоначалникот што има направено за Грчиште, каква инвестиција има за да се спречи оваа состојба и да не ни се случи ова.

Градоначалникот реплицираше на оваа дискусија. Рече дека коментарот на советникот Тоше Тодоров не заслужува одговор, но поради граѓаните тој ќе се обиде да даде одговор. Рече дека советникот Тоше Тодоров и неговата советничка група ја користат секоја непријатна состојба на граѓаните и изгледаат многу загрижени. За неговото мислење дека треба да опстои само едно основно училиште во општината, рече дека ќе даде предлог до МОН советникот да го вклучат во советничката група за оптимизација. Рече дека по планот за оптимизација и позитивното мислење од МОН, се прави за доброто на учениците, да бидат вклучени во наставата и рече дека ова се случува во повеќе општини и за да се запази постапката сите тие носат ваква Одлука на Совет. Околу тоа што и како има превземено, му рече дека за се што е направено е направено за доброто на граѓаните и сега како дел од власта можете да правите и да се сликате.

Тоше Тодоров се јави со контрареплика. Му се обрати на градоначалникот и му рече дека не треба да се служи со ваков вокалбулар, бидејќи преку нив се слуша гласот на граѓаните, и тоа што тие го кажуваат треба да го прифати. Рече дека стручни лица направиле план за оптимизација и не е хумано да опстојува училиште за две деца. Му рече дека да беше до него сигурно немаше да се затвори училиштето, бидејќи кога се носеше планот за вработување на ООУ,,Страшо Пинџур,, на седницата на Совет се планираше вработување на хигиеничар за училиштето во Грчиште. А тоа дали нешто се има изградено во Грчиште или не, дали изгледа смешно или не, ќе кажат граѓаните.

Градоначалникот рече дека секој си има своја вистина, а за тоа каков вокабулар ќе користи, ќе одлучи само тој, а граѓаните сами ќе проценат.Повтори дека советниците од опозицијата се први кога треба да се искористи моментите на тага, несреќа, пожар да бидат меѓу граѓаните, па го праша каков е гласот на граѓаните. Рече дека пред нив стои согласноста од МОН и треба да се донесе одлука за времен престанок на училиштето и ако како опозиција сметаат дека не е во ред, не треба да гласаат и реакција да испратат до МОН.

Немаше други пријавено за дискусија па беше ставено на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

Градоначалникот се јави процедурално. Рече дека не треба да се дозволи едно да се зборува, а различно да се гласа и им порача на советниците од опозицијата да бидат конзистентни со тоа што го зборуваат.

ТОЧКА 7

По Предлог- Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветар која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година образложение даде Стефан Димитров.

Немаше пријавено за дискусија, па Точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог – Програма за измена и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година образложение даде Ѓоко Аврамски.

Немаше никој пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог - Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2024/2025 година беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Мислењето за барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани” во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог - Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Предлог - Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право образложение даде градоначалникот на Општината Перо Костадинов.Рече дека еднократната помош која гражаните ја добиваа по ппретходниот Правилник стана мала и недоволна и затоа се носи нов Правилник.

Беше отворена расправа. Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и беше изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Драгана Рајкова од Валандово за превод, печатење и промоција на детска книга во износ од 30 000 денари беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 14

По Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален сервис" Валандово во износ од 233 000 денари беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Во врска со Одлуката за одобрување на 233 000 денари на ЈП,,Комунален сервис,, Валандово за нов бунар во с. Балинци и нова пумпа рече дека претпријатието има сопствен буџет и кога на една од минатите седници се разгледуваше Кварталниот извештај градоначалникот се гордееше дека ЈП е во плус 1 200 000 денари и има позитивен извештај. Тој рече дека се сомнева дека во иднина ќе биде така и праша која е оправданоста за одобрување на овие средства кои и не се толку голем износ и ЈП може да ги испланира во својот буџет и самото да си ги финансира. Друг проблем рече дека е тоа што овој бунар е направен во населено место каде во радиус од 100-тина метри сигурно има десетина септички јами, кои пред неколку години функционираа. Тој праша дали има Извештај од Јавно здравје да се види во каква состојба е водата од новиот бунар. Рече дека не очекува веднаш таа да биде погодна за пиење, но дали истата може да се користи како техничка вода.

Градоначалникот се јави за реплика на дискусијата на советникот Тоше Тодоров. Рече дека тој и актуелната пратеничка се во тимот за тага и несреќа што го имаат формирано и кога има и недостаток од вода за пиење ќе се најдат во с. Казандол, пожар во Балинци и сл.Рече дека имаше известување до граѓаните дека водата во населеното место Балинци е небезбедна за пиење и мораше брзо да се реагира со нов бунар кој го гради ЈП Комунален сервис. Но, рече дека опозицијата сака да оди по населените места и да го злоупотребува Советот за ситни политички поени. Рече дека треба да гласаат како сакаат за бушотината во с. Балинци, но зедничка обврска е да му се обезбедат средства на ЈП бидејќи тоа е наше ЈП , а не на Чешиново-Облешево. Праша зошто преку централната власт, поранешната советничка и актуелна пратеничка при ноењето на Буџетот не поднесе амандман за изградба на нови водоводи во Општина Валандово. Рече дека тие не го

претставуваат гласот на граѓаните, туку ги злоупотребуваат граѓаните за да соберат политички поени.Рече дека за сите работи кои ги интересра можат да се информираат преку своите претставници во УО и НО на ЈП Комунален сервис и да дојдат во општината да се информираат. За успехот на ЈП рече дека сите заедно треба да се чукаме во градите, бидејќи успехот е заеднички. Рече дека уште еднаш ги замолува да престанат да ги злоупотребуваат граѓаните кога имаа тага и да не создаваат амбиент на омраза во Валандово, за што тој против тоа лично ќе се бори. Рече дека ги советува во наредниот период, не само да ги посетуваат граѓаните и да покажаат дека тагуваат со нив, туку почнат да им ги решавате проблемите.

За контрареплика се јави Тоше Тодоров. Рече дека не е спорно тоа што треба да се помогне, а тој каде што се појавува кога има пожар, нема вода, никаде се нема сликано. А за ЈП дека треба да му се помогне, рече дека е во ред , но нему му се помага секој месец, 24 месеци по 660 000 денари за струја. Рече дека сега ќе гласа 3 , бидејќи се работи за неговото населено место, но дали е оправдано или не ?

Градоначалникот реплицираше и рече да гласа како сака и тој смета дека ако не е оправдано не треба да гласа ЗА. И да покаже конзистентност со тоа што го зборува .Општина Валандово помага на ЈП и на сите општински институции и ќе продолжи да помага и понатаму. А вие ќе гласате ЗА само за тоа што се работи за вашето населено место, тоа според него е апсурд.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален сервис" Валандово беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА 5 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 15

По Предлог – Одлука за донесување на Предлог Детален Урбанистички план за урбан блок 1.4, УЕ 1 во Валандово образложение имаше градоначалникот на Општината Перо Костадинов. Рече дека сака да го замоли советникот Тоше Тодоров да дискутира за оваа точка, бидејќи кога претходниот пат на Совет кога се носеше оваа одлука, советниците од советничката група на ВМРО ДПМНЕ гласаа против, а тоа е за дополнителна урбанизација на Валандово, за дополнителни станбени единици за Град Валандово, за урбанизирање на цел еден блок кој се случува после многу, многу години. Се обрати на јавноста и рече дека советниците на ВМРО ДПМНЕ на претходните седници гласаа против ваквите одлуки.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека е изненадено од ваквата дискусија на градоначалникот кој советниците од советничката група на ВМРО ДПМНЕ сака да ги претстави како лошите дечки. Тоа што гласале против донесувањето на УП претходната година било поради тоа што имале забелешки во начинот на изведување на УП. На што имаат право да го одобрат или не. Праша дали сега кога ќе има градење на куќи и згради во општината, дали тоа би било позитивно за развојот на Општината кога нема производни капацитети каде што луѓето би можете да се вработуваат.Во Валандово има празни куќи и станови, бидејќи луѓето се иселуваат.

Градоначалникот реплицираше. Рече дека тој не измислува, а тоа ќе се потврди од записниците на седниците. Рече дека велет дека не гласале поради одредени забелешки, но какви забелешки кога во постапката на донесување на УП, нема ништо доставено до комисијата, па замоли уште еднаш да ги кажат кои се тие забелешки што не беиле земени во обзир.

Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков зема збор. Рече дека никој не сака да ги претстави како лоши дечки, но кога се носеше Програмата за урбанистичко планирање гласаа против, што не смее да се дозволи кога се гласа за развој на општината. .Рече дека целта на Општината е да створи услови за развој на општината, а не да гради фабрики инвеститорите треба да одлучат сами дали да инвестираат. Потврди дека на излагањето на Предлог -Урбанистичкиот план немало никакви забелешки. Рече дека секогаш ќе има различности, но сите треба да бидат сложни и единствени кога се носат одлуки за развојот на општината.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог - Одлука за донесување на Предлог Детален Урбанистички план за урбан блок 1.4, УЕ 1 во Валандово беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА

Со ова беше исцрпен дневниот ред и беше отворен делот за

## СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

1.Тоше Тодоров

На реагирање на продавачите на Индустриската зона од минатата година кога се донесе одлука за поставување на тезги, луѓето си плаќаат 1500 денари месечно, но од ЈП не се прави контрола дали од соседните општини користат тезги и узурпираат простор.

Градоначалникот одговори дека ќе се добие одговор од ЈП Комунален сервис, дали усмено или писмено сеедно.

2. Нада Камчева

Дали и кога се планира да се изгради лежечки полицајци на улицата пред основното училиште во Валандово. Има знак за дозволена брзина 20, но истиот не се почитува и да се направат напори да се огради игралиштето од двата влеза.

Градоначалникот одговори дека е започната постапка, но истата е поништена, па ќе се оди на нова.Сигнализација има поставено, а за оградување ќе се обрати до училиштето и ќе се заложи за тоа.

3. Анита Коцева

Каде треба да се обратат граѓаните за проблемот со атмосферските води во Јосифово. Појасни дека тоа е прашање од група на граѓани. Дали тоа што нема слободен пад да се влива во реката Вардар, па ги поплавува земјоделските површини.

Градоначалникот одговори дека ги поканува групата на граѓани да дојдат и да се информираат во Општината. И сите проекти се прават со цел да се спречи таа поплава.

4. Нада Камчева

Праша дали се има некаков план за Хотелот ,,Анска Река,, Валандово. Во моментот се изгради кино салата,со убава фасада и ја разубави целата околина, но одспротива имаме страшна депонија. Знаеме дека тој е приватен имот, на ЕВН ,но дали сите ние не можеме да направиме нешто тоа да се среди. Се работи за централно градско подрачје во кое имаме многу неубава слика.

Градоначалникот одговори дека советничката целосно е во право, но кога се работи за приватна сопственост не може нешто многу да се реагира.

Градоначалникот ја искористи приликата да ги информира граѓаните за тековните активности за кои граѓаните се интересираат. За реконструкција на дел од улицата Маршал Тито беше распишана постапка за јавна набавка, но сумата која е понудена е двојно поголема од планираната и затоа постапката ќе се повтори, за да може да се смени и целата подземна инфраструктура , па ќе биде подоцна реализирана.

Исто така и за населеното место Казандол постапката за асфалтирање е при крај и асфалтирањето ќе се реализира во најскоро време.

Немаше други советнички прашања и седницата беше заклучена.

Претседател
на Совет на Општина Валандово

Записничар
Соња Христова Јовановиќ

Владимир Марков